**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-114/3**

**Скопје, 24.01.2008 година**

**ДО**

**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО - НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Музеј на град Неготино - Неготино, сметки на буџет за самофинансирачки активности - 787 за 2006 година кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметки на буџет за самофинансирачки активности –787 на Музеј на град Неготино - Неготино, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Кирил Ангелов – директор во 2006 година на Музеј на град Неготино.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 08.11.2007 до 09.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:„Маршал Тито“бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Проценетата позиција Неданочни приходи во износ од 182 иљади денари е нереална и необјективна бидејќи е помалку искажана во износ од 18 иљади денари, односно за износот на средствата кои не се потрошени и се на располагање на сметката на 31 декември 2006 година. Ова е резултат на погрешна примена на одредбите од законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во делот на признавање на приходите во моментот на нивно настанување. Имено,заради усогласување на приходите со настанатите расходи, приходите се искажани во помал износ.

**Препорака:**

Приходите да се проценуваат според принципот на мерливост и расположивост во периодот кога се настанати согласно законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Музеј на град Неготино - Неготино, сметка на буџет за самофинансирачки активности – 787 на ден 31 декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласнот со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Музеј на град Неготино - Неготино, сметка на буџет за самофинансирачки активности – 787 остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 28.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО**

**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 787**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 182 | 50 |
| **Вкупно приходи** | | **182** | **50** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 165 | 33 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **165** | **33** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 17 | 17 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **17** | **17** |
| **Вкупно расходи** | | **182** | **50** |


*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

**МУЗЕЈ НА ГРАД НЕГОТИНО**

**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА САМОФИНАСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 787**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 18 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **18** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **18** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 18 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **18** | **0** |

*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*